# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 09 Год. XVI 19 април 2013 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: вонредна седница

## Совет на оштина Василево

1. **ОДЛУКА** за усвојување на Елаборатот за процена на штета од елементарна непогода “Силен пороен дожд” што ја зафати Општина Василево во деновите 24, 25 и 26.02.2013..................02

2. **ОДЛУКА** за утврдување на дневниците за надворешните членови на Комисиите за утврдување и проценка на штети настанати од елементарна непогода “силен пороен дожд” ” што ја зафати Општина Василево во деновите 24, 25 и 26.02.2013...........................................03

## Градоначалник на општина Василево

3. **РЕШЕНИЕ** бр 6/2013г за потреба од јавна набавка……………………......................…04

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за усвојување на Елаборатот за процена на штета од елементарна непогода Силен пороен дождг што ја зафати Општина Василево во деновите 24, 25 и 26.02.2013 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 18.04.2013 година

Бр.08-995/2 Општина Василево
18.04.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------------------

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04 и бр. 49/04), Одлуката за донесување единствена методологија за процена на штетите од елементарни непогоди ("Службен весник на РМ" бр. 75/01) и член 21 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр. 04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на **18.04.2013** година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
за усвојување на Елаборатот за процена на штета од елементарна непогода "Силен пороен дожд" што ја зафати Општина Василево во деновите 24, 25 и 26.02.2013 година

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за процена на штета од елементарна непогода "Силен пороен дожд" што ја зафати Општина Василево **во** деновите 24, 25 и 26.02.2013 година, изготвен од Општинските Комисии за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди.

**Член 2**

Заради санирање и отстранување на последиците од елементарна непогода , се предлага Владата на Република Македонија да ги прифати и усвои следните мерки:

- Обезбедување на финансиски средства за санирање на штетите, поединечно за секој оштетен граѓанин и санирање на штетите направени на деловните субјекти во ЕЛС Василево;
- Ослободување од плаќање на придонеси за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за сите оштетени лица за 2013 година;
- Ослободување од плаќање на персонален данок од доход од земјоделска дејност за 2013 година;

**Член 3**

Усвоениот Елаборат е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево

Бр.07-995/1 Совет на општина Василево
18.04.2013г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за утврдување на дневниците за надворешните членови на Комисиите за утврдување и проценка на штети настанати од елементарната непогода „силен пороен дожд што ја зафати општина Василево во деновите 24, 25 и 26.02.2013 година ,

што Советот на опШтина Василево го донесе на седницата одржана на ден 18.04.2013 година

Бр.08-996/2 Општина Василево
18.04.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на РМ“бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Василево (“Службен гласник на ОВ” 04/03,08/06 и 09/10 ) Советот на општина Василево на својата седница ја донесе следната

**ОДЛУКА**

за утврдување на дневниците за надворешните членови на Комисиите за утврдување и проценка на штети настанати од елементарната непогода „силен пороен дожд‘’ што ја зафати општина Василево во деновите 24, 25 и 26.02.2013 година

1. Со оваа Одлука се утврдуваат дневниците за надворешните членови на Комисиите за утврдување и проценка на штети настанати од елементарната непогода- силен пороен дожд во деновите 24, 25 и 26.02.2013 година формирани од Советот на општина Василево со Одлуката за формирање на 2 (две) Комисии за утврдување и проценка на штетите настанати од елементарната непогода- силен пороен дожд во деновите 24, 25 и 26.02.2013 година бр.07-566/1 од 25.02.2013 година .

2. За извршената работа се утврдуваат следните дневници на надворешните членови на Комисиите за утврдување и проценка на штети настанати од елементарната непогода- силен пороен дожд во деновите 24, 25 и 26.02.2013 година формирани од Советот на општина Василево:

-Претседател на Комисијата за утврдување и проценка на штети настанати од елементарната непогода- силен пороен дожд во деновите 24, 25 и 26.02.2013 г...............1000 денари

-член на Комисијата за утврдување и проценка на штети настанати од елементарната непогода- силен пороен дожд во деновите 24, 25 и 26.02.2013 г..............................................800 денари

3. Претседателите и членовите на Комисиите за утврдување и проценка на штети настанати од елементарната непогода- силен пороен дожд во деновите 24, 25 и 26.02.2013 година формирани од Советот на општина Василево се должни да достават извештај за извршената работа до архивата во општина Василево врз основа на кој ќе се утврдат бројот на дневници.

4.Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-959/1 Совет на општина Василево
12.04.2013г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“- бр.04/03, 08/06 и 09/10), го донесе следното

**РЕШЕНИЕ БР.6/2013**

За потреба од јавна набавка

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на градежно занаетчиски работи за реновирање на две простории во Домот на културата во с.Радичево - општина Василево.

Член 2

Набавката ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди со објавување оглас на веб страната на Бирото за јавни набавки во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11) .

Член 3

Оваа јавна набавка не е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2013 година и проценетата вредност на набавката е 150.000,00 денари без пресметан ДДВ.

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде:

- најниска цена 100 бодови

Член 5

Постапката за набавка ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена - претседател и двајца членови како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател во Комисијата за јавни набавки се именуваат:

-Ацо Митев - претседател;
-Тони Ристов - зам.претседател.

За членови и заменици членови во Комисијата за јавни набавки се именуваат:

- Славе Андонов - член;
-Сања Трајанова - зам.член;
-Убавка Стојчева - член;
-Боби Величковски - зам.член.

Член 7

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василевоее.

Бр.08-889/1
10.04.2013 г
Василево

Општина Василево
Градоначалник
Ванчо Стојанов с.р.